Приредувачите Кирјазовски и Буцкова заслужуваат честитки за вложениот труд при подготвувањето на овој том за објавување. Во исто време такво честитање заслужува и Архивот на Македонија кој заедно со „Комисијата з апубликување на архивска граѓа“ прават сериозни напори во расветлувањето на националното, економското, политичкото и културното минато на македонскиот народ и народностите што живеат во Македонија, преку објавувањето на разни серии на документи за историјата на македонскиот народ.

И. К.

## Борис ТРЕНЕСКИ, **ТИТО ЗА ИНФОРМИРАЊЕТО***

Во рамките на одбилижувањето на 40-годишнината на НОБ и социјалистичката револуција и во напорите што поцелосно да се осветил богатото револуционерно дело и посебно придонесот на другарот Тито во развојот на средствата за јавното информирање во нашата земја, во издание на новинско-издавачката организација „Студентски збор“, во Скопје, излезе книгата на Борис Тренески под наслов „Борбените гласила на Револуцијата“. Тоа, всушност, е избор на Титовите написи и кажувања за местото, улогата и задачите на средствата за јавното информирање во нашето општество. На преку 270 страници се поместени сто (од вкупно 150 собрани) текстови на другарот Тито, разновидни по својата форма: написи, писма, телеграми (повеќето објавени интегрално), изводи од реферати, говори, интервјуа и слично.

Текстовите во книгата се подредени хронолошки и го носат белегот на своето време. Но тоа не ја намалува нејзината вредност, а дава можности да се следат задачите, кои, во различни етапи на револуцијата, се поставуваат пред нејзините борбени гласила. Од самиот избор може да се види дека другарот Тито зборува за информирањето, за неговата улога во подготовките на револуцијата, во Народноослободителната борба и повоената изградба на земјата. Тие негови укажувања и насоки се во една интегрална целина за поттикнување на револуционерната акција на работничката класа и на нејзината авангарда. Тоа може јасно да се види и од неговата прва (до сега позната) статија за информирањето, напишана во 1927 година во Загреб. Уште тогаш Тито пишува дека „печатот е едно од најсилните средства во работничкото движење за просветување и оспособување на пролетерите за борба против капиталистичката класа“.

Титовото интересирање и укажување за местото и улогата на печатот, меѓутоа, особено доаѓа до израз во непосредните подготовки,

---

* Борис Тренески: Борбените гласила на Револуцијата — Титови кажува за улогата, местото и задачите на средствата за јавно информирање, НИО „Студентски збор“, Скопје 1981.

во организирањето и покренувањето на Народноослободителната борба и социјалистичката револуција. Тој, во тоа време, на средствата за информирање посветува особено внимание, во нив гледа огромна можност за ефикасно организирање на револуцијата, за разобличување на непријателската пропаганда и, што е мошне значајно, за подигање на свеста и борбениот дух на широките народни маси. Тито, посебно ја нагласува револуционерната улога на печатот, која произлегува од класниот карактер на борбата и условите во кои тој — печатот — се појавува. Таа посебност другарот Тито особено ја нагласува во познатата уводна статија на првиот воен број на весникот „Борба" под наслов „Зошто излегува БОРБА", објавена на 19 октомври 1941 година. Тогаш тој пишуваше: „Во оваа херојска борба што ја водат денес нашите народи „Борба" треба да биде мост кој ќе ги поврзе сите народни сили во еден единствен народноослободителен фронт. „Борба" треба да биде организатор на народните сили за постигање на една голема цел — немилосрдна борба против окупаторот и негово протерување од нашата напатена татковина, за постигање на полна слобода на нашите народи во својата слободна татковина. „Борба" треба да му го објаснува на народот значењето на денешната Народноослободителна борба, да му ги покажува перспективите од таа борба и да му влее вера на народот во конечната победа над омразениот окупатор".

Оттука јасно се гледа револуционерната улога на печатот на која другарот Тито посебно инсистира и укажува. Од него тој бара содејство на пишаниот збор со практичната акција на работничката класа и народот, тој бара да ја поттикнува и насочува таа револуционерна акција и да отвора перспективи во револуционерната преобразба на општеството.

И во повоената изградба на земјата, другарот Тито во средствата за јавното информирање гледа голем сојузник. Затоа тој сѐ понагласено, во разни прилики и поводи, зборува за системот на информирањето, поставува нови задачи пред него, ги упатува новинарите на потребата од целосна одговорност во извршувањето на својата одговорна општествено-политичка работа. И секогаш кога зборува за информирањето Тито ја гледа неговата улога во прогресевните општествени промени за поттикнување на сите субјекти вклучени во системот на социјалистичкото самоуправување. Затоа неговите укажувања и обраќања до сите оние што работат во оваа област значат траен извор и инспирација во нивното творечко ангажирање во развојот на социјалистичка и неврзана Југославија. Така, во поздравното писмо по повод 10-годишнината од основањето на Сојузот на новинарите на Југославија, на 19 ноември 1955 година, Тито ќе напише: "... сакам да кажам дека нашите весници треба уште побудно да ја следат и правилно да ја објаснуваат нашата надворешно-политичка линија и линијата на нашиот внатрешен развој. Нашиот печат е слободен како што може да биде слободен во една земја која создава живот на принципите на вистинска социјалистичка демократија, но тој мора да биде стро-

го принципиелен во согласност со политиката на нашата народна власт, со настојувањата да се остваруваат сите оние задачи што водат кон социјализам, кои водат кон зачувување на мирот во светот и зацврстување на меѓународната соработка...“

И покрај многубројните обврски што другарот Тито ги имаше како активен државник, тој секогаш наоѓаше време за средби и разговори со новинарите, особено кога тоа го бараше актуелниот политички момент или, пак, кога новинарството ја чувствуваше потребата за негова порака и поддршка. Тито ја користеше секоја прилика да проговори за улогата и значењето на информативните средства. Притоа тој укажуваше на успесите, но и на она што не чини во оваа дејност, а со тоа даваше насоки како да се работи. Така, во разговорот со новинарите на редакцијата на „Комунист“, на 11 април 1959 година, а по повон 40-годишнината на СКЈ, меѓу другото, истакна: „Треба повеќе да се пишува за самата практика, за нашите искуства и за тоа какви тешкотии имаат комунистите и другите наши луѓе на теренот, со што сè тие се судираат во борбата за нови социјалистички односи. За тоа треба да се пишува, зашто практиката е најдобра животна школа“.

Титовите укажувања и пораки, содржани во оваа книга остануваат наша трајна обврска во услови кога се води борба за натамошен развој на системот на јавното информирање и со право од него се очекува особен придонес во развивањето на придобивките на револуцијата, во нејзиното натамошно продолжување и продлабочување. Затоа излегувањето на оваа книга, во која, покрај изборот на текстовите и поместувањето на повеќе фотографии од средбите на Тито со новинарите, е даден сумарен преглед на борбените гласила на револуцијата, претставува значаен издавачки потфат и овозможува целосно запознавање со мислата и делото на другарот Тито во сферата на јавното информирање и масовното комуницирање. Како таква книгата, всушност, е своевиден прирачник, непосреден инспиратор за револуционерната акција на работните луѓе и граѓаните и посебно за оние на кои пишаниот збор и информирањето им се животна определба и општествена обврска.

(Д. П.)

## МИНХЕНСКИОТ ДОГОВОР И ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ И ЧЕХОСЛОВАЧКИТЕ НАРОДИ, СКОПЈЕ 1980

Трудот „Минхенскиот договор и југословенските и чехословачките народи“, што излезе во издание на Институтот за национална историја во Скопје, претставува всушност зборник на трунови поднесени на симпозиумот по повод 40-годишнината на Минхенскиот договор, кој, во организација на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, Југословенско-чехословачката историска комисија, Катедрата за историја при Филозофскиот факултет